ТАТЈАНА ФИЛИПОВСКА[1] 2-264(37)

# СОЦИОЛОШКО - АНТРОПОЛОШКИОТ АСПЕКТ НА ПРАЗНУВАЊЕТО ВО РАМКИТЕ НА МИТОТ ЗА ВЕНЕЦИЈА


## АПСТРАКТ

Митот за Венеција, ренесансен и модерен, е всушност од средновоковно потекло и има за цел зацврстување на конституционалната рамнотежа. Следствено, пропагандата заснована на величење на системот и неговата незаменливост, презентира нарцисоиден политички манифест во ритуалите и колективните празнувања, својствени за средновековните мистерии со кореографија пригодна за тој свет во постојано себе-претставување. Притоа единствениот модел на преплетување на улогите на општествените класи, на учесникот и посматрачот, се покажа како успешна формула за долготрајно одржување на средновековниот облик на владеење и монополот на венециската трговска олигархија (Големиот Концил 1297-1797 падот на Републиката под Наполеон).


**Клучни зборови:** Венеција, мит, ритуал, церемонија, празници, дужд, политика, општествени класи.

**Митот** за Венеција, ренесансен или модерен, е всушност од средновековно потекло и претставува израз на конститутивната рамнотежа меѓу општествените слоеви на Републиката во услови на нејзината растечка економска моќ како реален исход од меѓународната поморска трговија. Олигархиското владеење на аристократијата, начинот на избор на Дуждот и неговите ингеренции, ја држеле под контрола неможноста за концентрирање на моќта во една личност. Слободата и благосостојбата, а потоа и федералистичкиот однос кон постепено припоените територии, социјалната контрола, која користи строги правила, но истовремено овозможува простор за сите, резултираат со речиси илјадагодишна стабилност на системот. Силната и неверојатно ефикасна државна пропаганда создала егзалтирачки однос на нејзините жители кон татковината и кон внимателно создаваната традиција, однос кој го третирал системот како перфектен и незаменлив. Во него било точно утврдено местото и улогата на секој граѓанин според потеклото. Венецискиот

[1] Авторот е професор на Инситутот за историја на уметноста со археологија на Филозофскиот Факултет од Скопје

аристократ го сметал својот управувачки однос кон семејството и татковината, односно државата, како единство на неделиви должности, кои со време ќе ги пренесе на своите наследници, свесни за својата улога во општеството, но и едуцирани, како во насока на прагматичното однесување и умешноста на владеењето, така и во доменот на културата и уметноста.

Познати по раскошкот и помпезната и крута церемонијалност, но и по спонтаната реакција и веселост на народот од лагуните, венециските празници, било годишни или пригодни, ја дефинирале кореографијата во согласност со карактеристиките на градскиот простор, односно единствената сценографија, секако користејќи ги особеностите на теренот и можностите кои ги нуди морето како нејзин интегрален дел. Благородничките палати никнувале од водата во неверојатната појавност на градот и како остварување на највештите градители и занаетчии, овие приватни зданија, заедно со оние кои претставувале седишта на световната и религиозна власт на Републиката, го заокружиле нарцистичкиот политички манифест. Тие се претворале во велелепна сценографија за празнувањата, кои во суштина и биле манифестација на политичко- економската моќ и презентирање на општественото уредување на државата.

Спектакуларните венециски церемонии, кои се одржувале во единственото природно и урбано окружување на Serenissima (*Најсветла*- како често била нарекувана), привлекувале сè повеќе посетители, за најпосле во XVIII век да ја претворат Венеција во значаен туристички центар, познато одредиште на “grand tour”, град надалеку познат по Карневалот, забавата, музиката, сликарството. Во согласност со ваквиот имиџ, градот веќе со векови бил отворен за изведувачи од најразличен профил: акробати, шарлатани и актери на Комедија дел Арте. Тие ги запоседнувале неговите плоштади Пјацета и Св. Марко, собирајќи бројна публика со своите перформанси.

Сликите и графиките низ столетијата сведочат за “театралноста” на градот, активна на отворената сцена, а од XVI и XVII век и во официјалните театарски објекти, кои освен за театарски изведби, биле користени и за одбележување на разни свечености во облик на приеми, вечери и балови. Честите прослави на граѓанските и религиозни церемонии, кои се одвивале на плоштадите по строго утврден протокол, исто така го засилуваат чувството на театралност и тоа преку масовните сцени на ритуални и колективни движења, какви биле карактеристични за средновековните мистерии.

Од периодот на Ренесансата до падот на Републиката под Наполеон во 1797 година а и по тоа, венециските церемонии на

копно и на море кулминираат, збогатени со најразлична празнична архитектура (сценографија) и апаратура од привремен карактер, претставувајќи еден специфичен театар на себепретставување. Во нив можела да се прочита општествената стратиграфија според ролите на учесниците, но и да се забележи заедничкото уживање на сите граѓани, богати и сиромашни, народот и аристократијата, учесниците и посматрачите, во зависност од карактерот на празникот, односно mise-en-scène-от.

Не е едноставно да се свати овој комплексен механизам, овој своевиден гигантски жив часовник, доколку не се согледаат сите аспекти на социолошко- антрополошката и историска условеност на постоењето на Венеција, од нејзиното основање до почетокот на XIX столетие. Утврдувањето на клучните моменти во таа насока е релевантно за разбирањето на неговото функционирање, читливо во комплетната симболика и кореографија, како и сценографија на венециските празнувања.

Корените на системот празнувања и основите на иконографијата на самите ритуали, секако се поврзани со почетоците на консолидирањето на Венеција, прво како населба, а потоа како држава. Важни историски настани со тек на време ќе го збогатат репертоарот на празници, чије редовно годишно одбележување ја извршува функцијата на одржување на споменот на нив. На тој начин се истакнува државноста, нејзината традиција и легитимитет, кои со време ќе станат основа на митот за Венеција.

Ритуалите им помагаат на поединците и општествата да се соочат и со моќните уништувачки промени, бидејќи во такви случаи ритуалиот ја препознава, дефинира, објаснува и така ја контролира промената. Во европскиот историски контекст постоеле исклучоци од овој антрополошки модел, меѓутоа во Венеција постои неверојатна конзистентност во начинот на кој јавните ритуали ја поддржувале и јакнеле општествената стабилност.

Календарските ритуали редовно опфаќаат големи групи или целата заедница, која мора да се адаптира на сезонските промени. Изведувани секогаш во точно определено време од “земјоделската” година, тие го одбележуваат преминувањето од оскудност во изобилие и обратно. (V.W. Turner, 1996) Функцијата на календарските ритуали е одбивањето на силите на хаосот; со нив се поставува интересот на групата над индивидуалниот и се зајакнуваат кохезивните принципи во заедницата со прокламирање на вечното и универзалното, наспроти потенцирањето на идиосинкретичното, личното и биолошкото,

како основ за дефинирање на ритуалите поврзани со одредени настани и кризи. (E. Muir, 1981)

Хрониката на Падованскиот доктор, Јакопо Донди, напишана веројатно меѓу 1328 и 1339 год., соопштува дека група Падованци го основале градот Венеција на Divum altum во лагуната, околу пладне на 25 март, 421 година. (E. Franceschini, 1934-40) Донди се повикува на венециската церемонијална практика, која води назад во XI век, да се одбележува почетокот на годината на денот на Благовештение. Овој датум е повеќе или помалку официјален во венециската историографија; тој се појавува во делата на Мартин де Канал (кој претходи на Донди), Андреа Дандоло, Мартин Сануто, Франческо Сансовино. (M. de Canal, 1972; F. Sansovino, 1968)

Датумот 25 март и во минатото имал ритуално значење. Како прв месец во Римската година, месецот Март во антиката бил поврзуван со основањето на Рим и со пролетното обновување на природата. (W. Warde Fowler, 1925) Христијанството натаму ја збогатило врската меѓу плодноста и месецот Март со прогласување на Благовештението, моментот кога духот на Христос навлегол во утробата на Богородица и се реинкарнирал. Така, во Венеција основачкиот ден на градот бил мистично поистоветен со основањето на Рим, почетоците на христијанската ера, годишното повторно раѓање на природата и со првиот ден на календарската година. (A. Cappelli, 1930)

Оваа легенда, со која Венецијанците претендираат на правата на антички Рим, со време станува помоќна, повлијателна и попопуларна, не само поради симболизмот, туку и поради нејзиното значење и примена во јавните церемонии. Дневната процесија на празникот Благовештение и огромната маса луѓе во и пред црквата Св. Марко, конечно ќе ја насочи судбината на Венеција, според божјата волја, кон хармонија со природата и империјалниот авторитет на Рим. Историската свест на Венецијанците разбирливо е доминантна во епохата на Ренесансата, кога моќта на Републиката е на највисоко ниво и кога идејата за мистичното основање на градот ќе има силно влијание на развојот на републиканската политичка идеологија.

Најдалечното минато и самото основање на Венеција се сеуште обвиени во тајна. Постојат повеќе легенди, кои се зачинети со неверојатно голем број “факти”- имиња, датуми, описи, број на загинати во битка и слични детали, задолжени од митот да создадат уверлива приказна. Позната е легендата по која пребеганите Тројанци со аристократска крв, по разрушувањето и пљачкосувањето на нивната татковина од страна на Агамемнон, токму на местото на Венеција го нашле својот нов дом. Според

Мартин да Канал, кој кон крајот на XIII век ја пишувал историјата на Венеција, Тројанците ги изградиле сите градови од Унгарија до реката Ада (која се влева во езерото Комо), вклучувајќи го и градот Аквилеја- мајка на Венеција. (M. da Canal, 1972) Во хрониката на Канал, Тројанците бегајќи во Италија предводени од Антенор, прво ја освоиле Падова, со што се истакнува полагањето право на поседите на Венеција на копнената позадина. Атрактивноста на овој мит за самите Венецијанци била очигледна и доволна за тој да опстојува долго време. Општо било прифатено дека Тројанците не дозволувале никој да ја наруши нивната самостојност и дека биле спремни да ги напуштат дури и огништата за да ја сочуваат својата слобода. Тројанските корени им обезбедувале на Венецијанците двојна годост: историска “старост”- античност и сина крв, “неизвалкана” преку мешање со варварите.[2] (F. Lanzoni, 1925)

Легендите пак кои го објаснуваат мигрирањето на населението од плодниот реон на terraferma во јаловата лагуна, како причина го посочуваат Атила и неговиот обид да го освои Апенинскиот Полуостров во 425 г. Всушност, островите на лагуната биле населувани и во време на продорот на Лангобардите (568-570), кога Тревижаните основале населба на островите Ријалто и Торчело, Падованите во Маламоко, Фриуланите во Градо и Каорло. (K. Bek, 1993)

Постепениот, но несопирлив процес на осамостојување на Венеција од византиската управа, се следи од добивањето на правото локално да се избира дужд, односно *duce*. Во 840 година Каролинзите дозволуваат автономија на ducato. Натаму, во X век Ријалто го зацврстува својот административен авторитет над останатите населби во лагуната, за во него да се препознаат контурите на Венеција, која ќе доживее физичка експанзија како град- општина. На нејзиниот пат да стане Serenissima, таа секако ќе ги задржи институционалниот и процедурален континуитет, неопходни за стабилна и мирна трговска средина. Важно средство за постигнување на оваа цел стануваат граѓанската литургија, годишното редење на празничните денови и церемонијални прилики, раководени од аристократските владетели на Венеција.

Венецијанците секако го прифатиле во основа христијанскиот литургиски календар, со одбележувањето на подвижните и фиксни празници. Но, венецискиот календар бил чисто локална креација во однос на вообичаените датуми на западното христијанство и славењето на најголемите празници. (R. J. Ingersoll, 1989) Делумно потпирајќи се на византиската

---

[2] Впрочем Венецијанцитс не билс єдинствснитс кои прстсндиралс на славното тројанско потскло: Мантова (Есте), Модсна, Пјаченца, Парма, Имола, Пиза, Пато, Фисзолс, Париз, Британија и ссkako Рим.

традиција, венецискиte рани церемонии се споредуваат со империјалниот луксуз на Константинопол, но од XIV век веќе доминираат локалните влијанија. Венеција има своја особена литургија наречена патријаркино (patriarchino), прифатена од враќањето на патријархот Градо од Аквилеја. Иако особена, patriarchino најмногу се потпира на Грегоријанскиот календар. Службите на оваа литургија се обично подолги отколку во останатите обреди, самиот дужд можел да благословува во нив, а промените во церемонијата нормално доаѓаат по наредба на дуждот, кој имал апсолутен авторитет врз литургијата на Св. Марко. Оттука patriarchino била предмет на политички влијанија. До XV бек таа била практикувана ширум Републиката, но папската одлука во 1456, на барање на патријархот Мафео Контарини, ја укинува секаде, освен во Св. Марко. Со овој потег patriarchino стана исклучително литургија на Дуждот и Signoria-литургија на државата. (E. Muir, 1981)

Како што христијанските церемонии ја оживуваат историјата на Христос, Црквата и светците, така венециската литургија ја утврдува, озаконува историјата на Венеција, практично со претворање на секуларната историја и легенди во свети, тукуречи библиски мистерии. Литургијата го осветува минатото и потхранува доверба во моралниот поредок на res publica: го изедначува венецискoто со она што било универзално Христијанско или вечно природно, така асоцијативно спојувајќи ги патриотизмот и верата. Бидејќи датумите на годишните прослави во Венеција кореспондираат и со празничните денови од Римскиот календар на деновите на светците, и со настани од венециската историја, во Републиката произлегуваат четири одделни групи празници: оние кои прославуваат светец, особено Св. Марко, оние кои се повикуваат на посетата на папата Александар III на Венеција во 1177 и на привилегиите што му ги дава на дуждот во таа прилика; празници кои одбележуваат значајни настани во венециската историја, како победата над Турците кај Лепант (1571); и оние кои ги илустрираат правата, должностите и ограничувањата на дуждот и другите државни службеници.

Појавата на празнувања, како што се карневалите во раните векови на модерна Европа, била потреба, меѓу другото, за сочувување на општествениот поредок со канализирање на енергијата во ритуализирано насилство. (E. Muir, 1981) Макјавели во "Il Principe” ќе сугерира дека еден владетел мора да го обезбеди неговото јавно присуство, следејќи ја римската формула во приредувањето circenses за плебејците: “Тој би требало..., во соодветни периоди од годината, да ги собере луѓето со празници и претстави (спектакли)”. (N. Machiavelli, 1954)

Во обид да го следиме неоспорното значење на ритуалот за битните карактеристики на една цивилизација, обопштувањето оди тешко, бидејќи ритуалот е меѓу останатото, локален феномен. Дури во Христијанска Европа од Доцниот Среден Век, кога црквата настојувала да ја засили униформноста, повеќето празници опстојувале на ниво на провинции и диецези. Римската црква (католичка) оформила мапа со локалитети, за кои е поврзано прославувањето на празниците од календарот. (N. Machiavelli, 1954) Покрај литургиските ритуали, секој град во Франција, на пример, имал најмалку еден годишен фестивал, во кој самиот град бил претставуван со многу почитувана статуа, триумфална кола (запрежна), граѓански барјак или нешто друго, кон што граѓаните го изразуваат своето почитување и лојалност, најчесто во јавна парада. Овие општински празнувања ги информирале странците и жителите за моќта, величината и благосостојбата на градот.

Од околу 1200 година до Реформацијата се појавиле премногу ритуали во Европа: едноставните мистерии и покајнички процесии прераснале во величествени свечености на Ренесансата. Трансформацијата била придружена со созревање на политичката префинетост и свеста за можноста за политичка пропаганда кај Ренесансните држави; Многу италијански градови, особено за време на XVI век, селектираат делови од јавниот простор за потребите на празнувањата, воедно привремено или трајно менувајќи го визуелниот аспект на постоечките улици и плоштади. (A. Tenenti, 1976; L. Urban Padoan, 1980)

Одамна се претпоставува дека глорификацијата на граѓанскиот живот во Ренесансна Италија најмногу процветала во услови на урбана независност и републички политички услови. Во Фиренца уште во времето на Колучо Салутати и Леонардо Бруни, нивната la vita civile води кон граѓанската идеологија, идеалот кој претпоставува дека само комплетното ангажирање во работите на една заедница и на еден град можат да доведат до квалитетен живот и до чувство на задоволство и исполнување. Алудирајќи на суштественоста на општествениот живот како civiltà и на посветеноста, одговорноста, чувството на локалната комунална припадност на жителите на италијанските градови, Muir истакнува дека е далеку послабо нивното чувство за парохијалната припадност. (E. Muir, 1981)

Интензивниот општествен живот во Венеција бил поткрепуван (негуван) од сложени граѓански ритуали, кои успеале да ги обединат институциите и граѓаните во необично жилав и траен патриотизам. Во големиот циклус на секуларни, покрај црковни ритуали, може да се прочита приказната создадена од Венецијанците за нивниот политички и социјален свет. Во овие

ритуални празнувања, поткрепени со локалните легенди, можеби се крие клучот за созревањето на републиканската политичка идеологија, која е во основата на “**митот за Венеција**”, како венециски траен придонес за политичките идеали на Западниот свет. (E. Muir, 1981)

Празниците во Венеција биле необичен хибрид од литургични и церемонијални елементи, земени од различни извори кои просперирале во венецискотo општество. Празнувањата по себе биле отсликување на внатрешната динамика на градот и неговите релации со надворешниот свет. Тие ја илустрирале “идеалната” формула за односите меѓу луѓето, создавале, стимулирале или менувале некои формални политички или општествени идеи и обезбедувале медиум за комуникација меѓу конститутивните класи, односно меѓу елитата и масите. Иако секогаш ги презентираат хиерархиските правила “на игра”, празнувањата и свеченостите не се само пропаганда и не испраќаат пораки во еден правец. Воопшто, граѓанската литургија не претставува само пресметан политички потез, туку е исто така заедничко (комунално) празнување на граѓанските вредности и една драмска ревија на општеството и сите негови конститутивни елементи. Во оваа смисла јавните спектакли биле повеќе од популарна забава: како хорот во грчка драма, граѓанската литургија ги коментира улогите на учесниците во општествениот живот. Врз база на овие “коментари” и нивната сликовитост, луѓето ја разбираат и судат државата (E. Muir, 1981).

Власта во Венеција била регрутирана од редот на патрициите. Меѓу аристократијата владеело мислењето дека во Републиката успешно се одржувала хармонија меѓу класите, бидејќи тие гарантирале општествена “праведност”, обезбедувајќи одредени служби за народот. ( J. J. Norwich, 1983; K. Bek, 1993) Како народ секако била третирана малубројната класа на граѓани-cittadini, инаку понизок степен на наследна елита, која со текот на времето се здобила со одликите на средната класа- буржоазијата, дефинирани повеќе со закон, отколку според нејзиното богатство и економско значење. Нивното потекло и образование им овозможувале одредени општествени и бирократски привилегии и им нуделе пристап до разни граѓански служби, како нотарство, трговија, медицина и пониските ешалони на дипломатските мисии. Иако одреден избор професии бил отворен за припадниците на граѓанскиот слој, кој плаќа даноци на државата, се почитувала традицијата, понекогаш долга во рамките на едно семејство, за предодреденост на одредено занимање, на пример канцеларската функција. Функцијата Голем Канцелар се наоѓала на врвот на граѓанската хиерархија, а Канцеларот бил одговорен за одржувањето на многу граѓански церемонии и на церемониите ги предводел сите благородници, магистрати, освен дуждот и

неговите роднини,уждевите советници и прокураторите[3] ( J. J. Norwich, 1983; K. Bek, 1993).

Претставници од граѓанскиот слој биле исто така на чело на Scuole Grandi, петте (и по 1552 година шест) престижни братства кои спроведувале различни активности за помош на сиромашните: добротворни акции, регрутирање на човечка снага за галиите, ги поддржувале болниците, ги помагале уметностите и најпосле го финансирале и организирале одвивањето на јавните процесии. Свештениците, благородниците и занаетчиите, кои не биле дел од граѓанството, можеле да членуваат, но не и да раководат со овие угледни граѓански институции со одреден авторитет и економска моќ. Неможноста да се вклучат во политичките центри на моќ, резервирани за аристократијата, богатите и амбициозни личности од граѓанскиот слој ја компензирале преку превземањето на ваква угледна функција, каква што е водењето на Scuola Grande.[4] (E. Muir, 1981)

Постојат повеќе теории за неверојатната внатрешна стабилност на Венециската Република, која произлегувала, не од идеалниот систем што ги неутрализирал класните разлики, туку од изненадувачката инертност во политичката ригидност на најниските и најобесправени жители. Некои автори се склони да веруваат дека токму свеченостите и празнувањата се дел од стратегијата на владетелската гарнитура, задолжен на popolani- те да им обезбеди чувство на припадност кон заедницата и со тоа да ја активира нивната лојалност. Во таа смисла се поставува и прашањето за значењето на митот, не само како средство за обезбедување на класната стабилност, туку и негово разбирање како начин на организирање на луѓето околу институциите, кои потоа ја контролираат во најголем дел колективната егзистенција. (E. Muir, 1981) Конечно како секој друг мит, митот на Венецијанците е збир од приказни, кои тие ги составиле за сопствената "интерпретација". Митот го сочинува кодот за разбирање на општеството и културата како целина, кодот кој го генерира колективниот менталитет, поставен во одреден

[3] Големиот Канцелар (Cancellier Grande) бил наречен "Принц на обичниот народ" (Contarini). Тој бил одговорен за координацијата на секретарите на владините тела, учествувал на состаноците на истите и ги чувал извештаите. Тој е прв доверлив човек до Дуждот, кој е во тек со сите збиднувања -официјални и неофицијални.

[4] По однос на значењето била правена паралела со честа и угледот на прокураторот меѓу патрициите. Scuole Grandi биле: Santa Maria della Carità, San Giovanni Evangelista, Santa Maria Valverde della Misericordia, San Marco, San Rocco и најмладата - San Teodoro, сите со по 500- 600 редовни членови. Благородникот Гаспаре Контарини метафорично го споредувал венецискоto општество со човечкото тело: благородништвото се очите, кои гледаат и ги координираат активностите на телото, додека плебејците (тука мисли и на cittadini и на popolani- каде спаѓаат работниците, слугите и ситните занаетчии) се долните делови на телото, пред сѐ екстремитетите кои ги следат наредбите на очите. Овде важи реципроцитетот, а очите и екстремитетите зависат едни од други за да опстанат.

идеолошки контекст. Како презентер на владеачката идеологија, ритуалот овозможува осознавање на митот. Но, додека идеологијата е во ексклузивна сопственост на политички или образовно напредна група, митот е моќна општествена сопственост, која му припаѓа на секој член на заедницата.

Од XIII до XVI век венециските годишни прослави станувале покомплексни и почести, а концепцијата на граѓанското општество сé повеќе се потпирала на ритуалните изведби и блескави јавни церемонии, по кои Венеција станала надалеку позната. Не навлегувајќи подлабоко во утврдувањето на разликите меѓу ритуалот и церемонијата, корисно е да се потенцира јавниот карактер на овие "колективни" активности, кои воедно ја редуцираат нетрпеливоста меѓу групите и го презентираат општествениот систем со сите негови протагонисти, ги потенцираат заедничките вредности, ја подвлекуваат ексклузивноста на културното единство и ја одбележуваат симболичната, но и емоционална вредност на пренесуваните обичаи.[5] (E. Muir, 1981)

Според книгата на Дефенденте Саки за фестивалите во средновековните италијански градови- држави, осумдесет проценти од споменатите празници се прославувале во Венеција. (D. Sacchi, 1829) Во 1364 Петрарка се восхитувал на победничките прослави, на кои присуствувал на плоштадот Св. Марко; во доцниот петнаесетти век миланскиот аџија Пјетро Касола забележал дека по една венециска церемонија, францускиот и миланскиот амбасадор заедно коментирале како ниту едниот од нивните суверени никогаш не одржал таква помпезна свеченост, а самиот Касоло бил восхитен од она што го видел. (E. Muir, 1981) Векови подоцна, Буркхарт го опишал церемонијалниот прием кој í го приредиле Венецијанците на Војвотката од Ферара во 1491, како нешто што припаѓа на земјата на волшебствата. (J. Burchardt, 1953). Репутацијата на венециските ритуали била таква што во времето на Ренесансата самото споменување на Венеција, во цела Европа предизвикувало алузија на јавна парада.

Дури и после падот на Републиката во 1797 година, една ваква тема како традиционалните венециски ритуали, била од значаен интерес. Џустина Рениер Микјел (Giustina Reiner Michiel), која потекнува од патрициско семејство, објавила во шест тома "Le origine delle feste veneziane" (Milano, 1817), најобемно претставување на Венециските митови и јавни ритуали напишан дотогаш. Ова дело доживеало бројни изданија во деветнаесеттиот

---

[5] Не е конечно прифатена дистинкцијата по која ритуалот терминолошки означува стилизирани, формализирани, регулирани повторувачки активности, додека церемонијата претставува особени, исклучиви и стриктно активности од политички карактер.

век и било преведено на француски јазик. Последното издание е од 1994 година и бездруго е резултат на потребата и интересот за оваа проблематика, иако сега веќе од една поголема временска дистанца и во едно време во кое свеста за историската, а не современа димензија на јавно манифестирање на државноста и традицијата, е секако присутна. Со еден патриотски жар во својата проза, Микјел ги испреплетува заедно повеќето историски и легендарни венециски традиции. Натаму и учените Венецијанци од XÏX век, како Џузепе Тасини и Помпео Молменти ги задржуваат елементите на мит во опишувањето на венециските големи церемонии. Молменти, на пример, ја бара причината за венециските празнувања во потребата за постигнување општествена хармонија. (P. Molmenti, 1888; G. Tassini, 1968) Тој исто така нагласува дека ритуалите веќе не се одржуваат во Венеција, но митот е сеуште многу жив.

Интересно е да се спомене дека постојат најстари податоци за венециските празнувања: spetaccoli, divertimentie pubbliche feste, наречени ”solacia Veneticorum”, едноставни документирани навестувања за вакви настани од времето на дуждот Пјетро Орсеоло I (Pietro Orseolo I), односно од крајот на X век. (G. Lorenzetti, 1937) Не знаеме на какви историски епизоди или традиција се темелеле овие ”solacia”, ниту пак како точно се прославувале. Со тек на време податоците стануваат почести и попрецизни, за што придонесува редовното практикување на веќе усталениот систем на празници, кој бил постојано збогатуван со прославувањето на некој вонреден настан, за и тој како во многу случаи претходно да í се приклучи на традицијата.[6]

Притоа ако не поголемо, тогаш е сигурно еднакво важно значењето на иконографската документација во комплетирањето на податоците и визуелизација на пишаните документи. Бројните примери во венециската уметност, од раните средновековни остварувања преку нововековните до падот на Републиката, се потврда за ова. На пример, мозаиците над Porta di Sant`Alpio на Катедралата Св. Марко, уште во XIII век прикажуваат венециска процесија, преку темата *Пренесувањето на телото на Светиот Патрон во црквата Св. Марко*, инаку прва ваква позната претстава. Традиционалната “Processione di Corpus Domini”, каква што е прикажана на сликата на Џентиле Белини *Процесија на Реликвијата на Светиот Крст* од раниот XVI век, е извонреден пример на визуелизација на венецискиот феномен- обединување на религиозната церемонија и граѓанскиот ритуал- потврден со присуството на дуждот и сите граѓански и религиозни фактори во венецискиот општество.

---

[6] Победата кај Лепант 1571, колерата (le peste) која ја пустошела Венеција во 1575-77.

Најраниот преглед на Венециските празнични денови е *Kalendarium Venetium saeculi XI*. (S. Tramontin, 1965) Бројот и изборот на празници варира низ вековите.[7] (M. da Canal, 1972; M. Sanuto, 1900-1902; F. Sansovino, 1968) Во времето на кулминацијата на празничниот живот во Венеција, кон крајот на XVI век, се појавуваат првите збирки графики кои ги илустрираат обичаите и амбиентот во градот, остварени од страна на двајца минорни автори: Чезаре Вечелио (Cesare Vecellio) – *Habiti antichi e moderni di tutto il mondo* (1598) i na Xakomo Franko (Giacomo Franco) - *Habiti d'Huomeni et Donne Venetiane* (1610), каде одредени табли (претстави) прикажуваат празници и игри, триумфи и забави, оние покарактеристичните за градот. (Å. Boholm, 1990)

***

Во Венеција, како што впрочем налагала старата римска традиција, почитувана и на другите локации на Апенинскиот полуостров, празнувањето е јавен чин, кој ги обединува сите фактори во заедницата, од највисоките, до најниските. Уште во предхристијанското општество славењето, игрите и празниците, покрај симболичната функција и ставањето во функција на моќта (власта, владетелот), ја означувале исконската потреба на луѓето да се опуштат, забавуваат, уживаат во свеченоста, која сама по себе значи оттргнување од секојдневните обврски и грижи и воедно ги обединува луѓето, истакнувајќи го чувството на припадност.

Во европски рамки власта е таа која ги организира, координира свеченостите и празнувањата, ставајќи се во служба на задоволството, пред сé за да се легитимира со превземање контролирани активности, кои меѓу останатото ја одржуваат стабилноста во општеството, амортизирајќи ја напнатоста меѓу класите. Народни игри и натпревари се организираат и по повод венчавки во високите (владетелски) кругови, во кои дури и закопите добиваат празничен карактер. Учеството на народот на ваквите празнувања подолготрајни од еден ден, им нуди на занаетчиите, слугите и работниците илузионистичко

[7] Во 13. век Martin da Canal спомнува дванаесет годишни фестивали вредни да се напишат во " Les estoires de Venise"; До крајот на 15. век Marin Sanuto препознава дваесет важни денови во "Le Vite dei dogi". Официјалната, односно званична церемонијална книга на Collegio брои шеснаесет годишни настани, во кои е предвидено учество на дуждот и на Signoria за време на 16. век и покажува дека бројот на настани значајно варира од година во година- ASV, Collegio Cerimoniale 1, fol. 11 r-v. Sansovino ги разликува десетте празници кои изискуваат комплетна церемонија предводена од дуждот и Сињорија и употреба на сите дуждеви симболи, и четири празници без симболи и музичари . Седум од овие 14 дена исто така се обележани со учеството на Scuole Grandi, црквени собири, воени стросви - BMV, MS Latin III, 172 (2276) fol. 55v.

приближување до челниците, со кои "ги делат" радосните и тажни моменти од нивниот живот.

Условно речено, самата католичка црква ја користи забавата, односно празнувањата за да ги привлече масите: не биле само големите миси во катедралите и славните проповедници магнет за луѓето, туку пред сé случувањата на отворен простор, како процесиите, во кои тие можеле да учествуваат или да бидат само посматрачи. Во венециската стварност световната и сакрална компонента на празнување често се испреплетуваат, се доближуваат и на некој начин си конкурираат. На црковните процесии им парираат политичките свечени колони од достоинственици и војните паради. Секогаш се подразбирало присуството на дуждот и неговата најблиска придружба на големите христијански празници на традиционалните локации во градот, најчесто катедралната или други цркви во зависност од празникот.

Во Венеција не бил "венециски" само изборот на христијански празници на кои им се придавало особено значење, туку пред сé бил карактеристичен начинот на кој тие се прославуваат. Дури и особеноста на климатските услови влијаела во таа насока, за Ниеро да заклучи дека одредена улога во конечниот избор одиграла и селската култура во Венето, и нејзините предхристијански, латински и можеби етрурски празнувања и обичаи. (A. Niero, 1990) Теолошката вредност и суштината на христијанските мистерии не ја доловуваат целосната слика на празнувањето на големите литургиски празници, од Божиќ (Natale) до Богојавление (Epifania), од Велигден (Pasqua) до Вознесение (Ascensione) и Духови (Pentecoste), туку амбиентот и начинот на кој луѓето реагирале и начинот на кој ги доживувале.

По добро провереиот принцип на римската година, во која религиозните или народни празници се менуваат со прослави на победи и годишнини, венецисканата празнична година во епохата на Ренесансата има веќе сериозно потврден распоред, дополнет тука и таму со дипломатски настани на кои државата им придава празнично значење и ги организира како такви со сета државна помпа. Но, една значајна венециска посебност претставува единствениот збир на празници поврзани со Дуждот, како симбол на врвната политичка моќ, кои кулминираат во моментите на изборот на нов дужд, чинот на инаугурација, церемонијата на неговото крунисување и во погребните церемонии.

Церемонијалното егзистирање на венецисканите општини имало дипломатска, прославувачка, помирувачка, еклесиастичка и правна симболика. Без оглед дали во сигурноста на јубилејното

обележување или во мигови на паничен страв, Републиката ги соединувала спонтаните заеднички емоции и внимателно планираните политички цели. За време на развиените церемонии на XVI век практично дошле во конфликт ентузијазмот на масите и воздржаноста на елитата. Тогаш биле осмислени посебни процесии по повод актуелни настани, кои претставувале колективно искуство, цврсто поставено на политички основи. Имплементираните историско- политички кодови на Републиката во системот на празнувања и начинот на нивното изведување ќе значат и обид да се влијае на иднината на државата и да се усмери курсот на историјата.

## ABSTRACT

The **myth** of Venice, renaissance and modern, is in fact of mediaeval genesis, and it fixes a constitutional equilibrium. Consequently propaganda intent on exalting the perfection and therefore the non-alterability of the system, find a political- narcissistic manifesto in the ritual and collective movements peculiar to mediaeval mysteries with choreography of a constantly self- representing world. The singular model of the upsetting of social class membership, between actor and spectator, between nobility and populace, between rich and poor, makes the long existence of the mediaeval form governed by the monopoly of the venetian merchantile oligarchy possible (Great Council 1297- 1797 Venice is conquered by Napoleon`s Army).

## ЛИТЕРАТУРА

Bek, K., *Istorija Venecije*, Beograd 1993.

Boholm, Å., *The Doge of Venice, The Symbolism of State Power*, Gothenburg 1990.

Burchardt, J., *Kultura Renesanse u Italiji* (превод на 18 -то издание на оригиналот *Die Kultur der Renaissance in Italien* од M. Prelog), Zagreb 1953.

Cappelli, A., *Cronologia, cronografia e calendario perpetuo dal principio dell`era cristiana ai giorni nostri*, Milano 1930.

De Canal, M., *Les estoires de Venise*, *Cronaca veneziana in lingua francese dalle origini al 1275*, приредено од Alberto Limentani. Civilta veneziana fonti e testi, no. 12, трета серија 3, Firenca 1972.

Franceschini, E., " La cronachetta di maestro Jacopo Dondi", во *Atti del Reale Istituto Veneto di Scienze, Lettere ed Arti*, 99 (1939-40): 967-84.

Ingersoll, R. J., *The Ritual Use of Public Space in Renaissance Rome* (Dissertation), University of California, Berkeley 1989.

Lanzoni, F., "Genesi svolgimento e tramonto delle leggende storiche", во *Studi e testi*, no. 43., Rim 1925.

Lorenzetti, G., *Le Feste e le maschere veneziane*, cat. , Ca`Rezzonico од 6 мај до 31 окт. 1937, Венеција 1937.

Machiavelli, N., " Il Principe 21.7., nelle *Opere.*", vo *La Letteratura italiana, storia e testi* (приредено од Mario Bonfantini), no. 29., Milano 1954.

Molmenti, P., *Povjest Venecije u životu privatnom*, Senj 1888.

Muir, E., *Civic Ritual in Renaissance Venice*, Princeton 1981.

Niero, A., *Tradizioni popolari veneziane e venete, I mesi dell`anno, Le feste religiose*, Venecija 1990.

Norwich, J. J., *A History of Venice*, London 1983.

Sacchi, D., *Delle condizione economica, morale e politica degli italiani ne`tempi municipali. Sulle feste, e sull` origine, stato e decandenza de` municipii italiani nel medio evo*, Milano 1829.

Sansovino, F., *Venetia, città nobilissima et singolare*, Venezia 1604, Реиздадена со аналитички индекс на Lino Moretti, Венеција 1968.

Sanuto , M., *Le Vite dei dogi*, приредено од G. Monticolo и G. Carducci, vol. 22, 2 ed., Città di Castello e Bologna 1900-1902.

Tassini, G., *Feste, spettacoli, divertimenti e piaceri degli antichi veneziani*, II ed., Venecija 1961.

Tenenti, A., "L`uso scenografico degli spazi pubblici: 1490-1580", во *Tiziano e Venezia*, Convegno Internazionale di Studi, Venecija 1976: 22-26.

Turner, V.W., *The Ritual Process: Structure and Anti-Structure*, London 1969.

Urban Padoan, L., "Gli spettacoli urbani e l`utopia", vo *Architettura e Utopia nella Venezia del Cinquecento*, kat. приреден од Lionello Puppi, Milano 1980: 144-167.

Warde Fowler, W., *The Roman Festivals of the Period of the Republic*, London 1925.